# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А
за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници
на централната власт и помеѓу фондовите

Скопје, декември 2019 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 33 став 7 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 03.12.2019 година, донесе

# О Д Л У К А
## за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите

Член 1

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во посебниот дел во втора потколона од колоната Расходи на Основен буџет, се врши следната прераспределба на средства:

Во Разделот 04001- Влада на Република Северна Македонија, во потпрограма 30- Информатичка поддршка на Владата, ставката 485- Вложувања и нефинансиски средства се намалува за 140.000.000 денари;

Во Разделот 05001- Министерство за одбрана, во потпрограма 20- Функционирање на АРСМ, ставката 401- Основни плати се намалува за 17.000.000 денари и ставката 402- Придонеси за социјално осигурување се намалува за 10.000.000 денари, потпрограма 22- Логистика во АРСМ, ставката 423- Материјали и ситен инвентар се намалува за 59.000.000 денари и ставката 424- Поправки и тековно одржување се намалува за 12.000.000 денари, во потпрограма 30- Мировни и хуманитарни мисии, ставката 426- Други тековни расходи се намалува за 20.000.000 денари и во потпрограма ВА- Интеграција во НАТО, ставката 480- Купување на опрема и машини се намалува за 170.000.000 денари;

Во Разделот 10002- Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на РСМ, во потпрограма Д6– Поддршка на инвестициони вложувања, ставката 464- Разни трансфери се намалува за 128.000.000 денари;

Во Разделот 22001- Државен завод за статистика, во потпрограма 30- Програма за попис, ставката 480- Купување на опрема и машини се намалува за 154.000.000 денари;

Во раздел 04001- Влада на Република Северна Македонија, во потпрограма 10- Администрација, ставката 485- Вложувања и нефинансиски средства се зголемува за 90.000.000 денари и во потпрограма С4- Програма за намалување на аерозагадувањето, ставката 488- Капитални дотации до ЕЛС се зголемува за 620.000.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Северна Македонија".

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Талат Џафери

Број________

__________________

Скопје

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 33 став 7 од Законот за буџетите (“Службен весник на Република Македонија”, број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), за прераспределби помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите одлучува Собранието на Република Македонија.

Целта на предложената Одлука е субвенционирање на граѓаните за набавка на инвертер клима уреди во Скопје, Битола, Тетово и Кичево во износ од 620.000.000 денари, како и дополнителни средства во износ од 90.000.000 денари за откуп на акции за целосна државна сопственост на АД ГА- МА.